7 ТЕМА



Неговото величество

Михаил Георгиески - Утопија

# СВЕТОТ И ДЕМО(Н)КРАТИЈАТА?



**Неговото величество**

# Михаил Георгиески - Утопија

Не знам зошто си го арчите времето со мене? Јас обликувам глина, гипс, бои, дрво, мермер а како демократијата го обликува светот и како светот ја обликува демократијата, што ти знам. Значи велите дека демократијата ти доаѓа и како материјал и како скулптор? Чудно!

Мило ми е што се запознавме, господине Георгиески...

Викајте ме Утопија, така сите ме викаат.

Во ред, господине. Јас многу ги ценам Вашите дела.
Вие и на факултет учевте како се менувале уметничките стилови и форми. Сигурно знаете дека уметноста, филозофијата и државните системи се поврзани. Уметниците во сите периоди знаеле да го препознаат новото, да го почувствуваат општеството и тоа уметнички да го изразат, преку слики, скулптури, графики, поезија, музика...



Да, точно е. Еве, во времето на големите императори, кога сета власт била во рацете на еден човек, постои еден вид уметност и таа била наменета само за мал број луѓе што можеле да ја платат. Исто било и со власта - таа била во рацете на многу мал број луѓе, а за народот никој не водел грижа. Тој немал никакви законски права. Што ќе му текнело на царот, тоа морало да биде. Ете така општеството ја обликува уметноста.

Сега имаме демократија и имаме сосема друг вид уметност, која е насочена кон граѓанинот. Кој што не може да купи слика, тој оди на изложба, по музеи, ја гледа на ТВ... Ете една разлика како демократијата ги обоила општеството и светот. Демократијата и светот се во нераскинлива врска - тоа е факт.

Многу добар пример, господине.
Но, јас би сакал да напоменам нешто друго. Во текот на целата историја, видовите општествени уредувања, филозофијата, уметноста, економијата секогаш биле во нераскинлива врска. Тоа е така и денес, кога демократијата е владејачка идеологија во светот. Демократската мисла влијае врз општеството, се прекршува во практиката и повратно ја „бои“ демократската мисла. Па, и во случајот со уметноста. Видете само колку многу стилови има во уметноста - тоа е таа слобода на граѓанинот, кој ја чувствува слободата и така се изразува. Исто како и во секојдневието - секој има право на свои размисли. Може да се каже дека во демократијата човековиот дух наидува на потполна слобода, а таа слобода потоа дејствува и врз демократската мисла и сè така во круг.

Кој ќе ти знае што е човеков дух и што нему му одговара. Човекот живее и на минус педесет степени и на плус педесет, живее во пустини и на Северен пол, јаде само животинска храна - понекаде, а понекаде само растителна, некои живеат само од риба, некаде имаат една жена, некаде пет, некаде живеат во демократија, а некаде под некој диктатор... Кој ќе го знае?

А цивилизацијата, господине Утопија? Зар не ѝ должи ништо на демократијата?



Тоа е друга работа. Никој не може да тврди дека демократијата не придонела за сеопшт и брз развој на модерната западна цивилизација. Некои дури тврдат дека општествата што ги прифатиле демократијата и слободниот пазар напредувале повеќе отколку во целиот историски период пред тоа. Можеби тоа се должи и на пронајдоците. Во секој случај, врската меѓу брзиот напредок на стопанството и демократските општества е видлив и јасен. Друга работа е колку се луѓето среќни поради тоа, но дека во повеќето случаи живеат поубаво, имаат работа, социјална сигурност, стабилност - тоа е факт.

Денес демократијата се јавува како најраширено политичко уредување на целата планета. Со самото тоа што различните земји имаат исто политичко уредување се олеснуваат односите меѓу нив. Но, тука има и други предности за соработка меѓу нив, како што се: високиот стандард на живеењето на граѓаните, силни институции на системот, практично школство, кое одговара на потребите на пазарот, заеднички системи на безбедност, стабилен банкарски и економски систем, конкурентски пазар - насочен кон потрошувачот, многу пари за истражувања, размена на информации, масовна култура, заштита на правата на жените, хендикепираните лица и лицата со специјални потреби. Не Ви се чини дека демократијата е најдобра идеологија за една држава?

?

Една работа е да се даде оправдување зошто во една земја треба да има демократија, а сосема друга работа е да се тврди дека демократијата е најдобриот начин за владеење на сите земји во светот. Сепак, идејата да се има демократско уредување, покрај тоа што повлекла промени внатре во државите, повлекла и промени во односите меѓу државите. Мене ми се допаѓа тоа што демократските држави не се трудат многу да покажуваат дека нивните уредувања се најдобри. Наместо тоа, тие тоа постојано го докажуваат низ практиката и граѓанинот тоа го чувствува преку стомакот, преку „џебот", преку богатството од настани, иновации... Кај нив имаш впечаток дека „општеството се движи".

Но, едно не ми е јасно... Мислам дека никаде немам прочитано од кога се јавуваат тие демократски идеи. Дали ги има од капиталистичко време, пред тоа...?

ШКОЛА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

## Промени во светот предизвикани од идејата за демократија

Идејата за демократијата доаѓа уште од античко време, но таа не била постојано доминантна во историјата, меѓутоа во последните три века е многу влијателна и одиграла значајна улога во досегашната историја на човештвото. Ако мислиме на слободарските идеи, тие постојат уште од првите човекови организирања. Но, посистематско размислување за демократијата како начин на уредување на едно општество бележиме со првите посилни организирани општества како на пример, грчките полиси - градови-држави. Таа демократска мисла се развива низ делата на филозофите и политичарите сè до средниот век, кога настанува мрак за науката, уметноста и општественото живеење. Тоа е време на црквата и догмите, раст на големите империи и владетелски куќи... ▸▸▸

Од тој мрак светот дефинитивно излегува со развојот на новата класа богаташи, кои немаат благородничко потекло и кои се збогатиле преку претприемништво. Заедно со тие настани идат и големите пронајдоци во науката, индустријата и плејада големи мислители. Тоа време се совпаѓа со романтизмот, преродбата, просветителството... Сето тоа заедно ги издигнува демократските идеи како најприфатлив поглед на светот и луѓето тоа го поддржувале. Може многу да се спори, но не може да се тврди дека западниот свет не се развивал под дејство на демократските идеи и новите капиталистички односи, кои тоа го поддржуваат.

Секако дека не одело сè толку идеално, како што јас овде изложив, но најбитно е дека во тоа време граѓанинот добива формална слобода и не морал да умре каде што се родил, на едно парче земја - контролирано од неговиот феудален господар. За почеток и тоа било доволно.

Демократските идеи влијаеле за формирање на внатрешното уредување на тогашните држави.

До тоа време, како што граѓаните не биле важни за владетелите, така и народите што живееле во тие држави не биле важни. Поради тоа дотогашните владари се нарекуваат „универзални владетели". Ним им било битно да освојат што повеќе територија од друго царство, за да имаат поголеми приходи од даноци и поголема моќ. Граѓаните на тие држави немале интерес да ја бранат сопствената држава, затоа што не ја чувствувале како своја и владетелите морале да имаат силни војски и многу пари за да ги платат. Тоа биле војни на царства, војна на религии а не на народи.

Но, во тоа време на преродбата, кога народите етнички и национално се освестуваат, се јавуваат сознанија на луѓето на Европа за сопствената припадност, за запознавање на сопствената историја, народниот живот, јазик, обичаи. Освестеното граѓанство бара да се описменува, да го достигне човечкото достоинство и да добие **ПРАВА**. Тоа било „патување во еден правец" и владарите морале да прават законски отстапки за да не им се случи револуција. Но, заедно со борбата за граѓански права, се барале и етнички и верски права на заедниците што живееле во одредена држава. Во некои тогашни кралства, тоа е решено со реформи, а оние помалку мудри владетели доживеале револуции. Таква е и Француската револуција, која послужила како пример и инспирација за граѓански држави во цела Европа.



Тоа во уметноста е многу изразено. Има многу уметнички дела што за инспирација ја имаат токму Француската буржоаска револуција.

Но, сакав да прашам како тоа постојат држави во кои живеат повеќе етноси... мислам повеќе народи, а кои сепак не создале сопствена држава. Каква врска има демократијата со тој факт?



Тоа е затоа што демократските системи нудат можност за соживот на повеќе народи, кои и без сопствена национална држава можат да живеат наполно слободно. Демократијата ги почитува различностите - како на поединецот, така и на религиите и етничките групи. Затоа настанале **националните држави.** Кога луѓето извојувале и прифатиле нивната држава да има демократско уредување, го прифатиле начелото за политичка заедница што самата себе се владее, и тоа денес го нарекуваме **национална држава**. Тоа значи дека секој граѓанин на една држава е еднаков со сите други и секоја етничка група и вера ги остваруваат сопствените права и интереси. Се разбира, етничките групи (народите) не се со иста бројност и тоа на одреден начин се почитува низ политичкиот систем. Потоа некои етнички групи имаат сопствена матична држава, а живеат и на териториите на други држави, додека други народи немаат друга матична држава (како Македонците - на пример), па и тоа се почитува. Едноставно, во текот на историјата се создавале, зголемувале, смалувале или гаснеле одредени држави и сето тоа било проследено со „море крв". Некои народи национално се освестиле порано, некои подоцна. Некои народи и држави биле помогнати од големите сили, некои не. Таа „историска каша" оставила наследство во кое не смееме да пипкаме затоа што ќе се изгориме.

Поентата на сето тоа е дека или луѓето ќе научат да живеат заедно, како граѓани на една држава или ќе бидат во постојан судир, недоверба и војна. Страшните искуства на Европа, полни со страдања, војни, преселби и човекова беда мора веќе еднаш да престанат. Единствен начин за тоа е мир, неменување на границите и создавање држави со силна демократија, која секој граѓанин ќе ја чувствува како своја. Никој не гарантира дека животот на една етничка група ќе биде подобар ако групата има сопствена држава.

Некои од основните одлики на демократските системи - **толеранцијата и еднаквоста** се карактеристика што силно влијае врз целиот свет. На тој начин е можно надвладување на поделбата по „атари" и живот на различните во иста демократска држава без присила. Да е поинаку, целиот свет би бил во општа војна.

?

Многу сте инспирирани, господине, да бевте скулптор ќе направевте одлична скулптура со оваа Ваша енергија.

Сакав да Ве прашам нешто друго. Јас имам свое мислење за тоа, но ме интересира Вашето. Во минатото империјалните сили го завладеале целиот свет. Во тие држави си направиле власт каква што им одговарало за да ги црпат суровините на тие земји. Понекогаш поробувачите говорат дека во тие земји воспоставиле демократија, иако сите знаат дека таму не биле дојдени да ѝ помагаат на таа држава туку за да се богатат. Но, по Втората светска војна голем дел од нив се ослободуваат од империјалното владеење и си започнуваат независен развој. Тоа сакав да Ве прашам: дали Вие го оправдувате „извозот на демократија", односно дали оправдувате поробување на една земја за да се воспостави демократија? Дали е можна демократија под „воена чизма"?



Колонијализмот никој не може да го оправда и военото поробување на државите не смее да го има под никаков изговор. Не е можно да се пороби народ на подолго време. Поробените народи од страна на колонијалните сили, иако многу послаби војнички - ги истерале поробувачите и си формирале сопствени држави.

Но, има и еден друг факт. И денес постојат земји во кои одреден владетел има направено таков систем на контрола и насилие врз граѓаните што се губи глава и без судење, во кои секој петти-шести граѓанин е доушник на власта, во кои илјадници луѓе годишно исчезнуваат без трага... „Ги голта месечината." И најтажно од сè е тоа дека таквите диктатори не може да ги промени народот, затоа што сите нивни можни противкандидати се или мртви или избегани во странство. Дали е подобро еден таков диктатор, кој со десетици години развива „индустрија на смртта" и „индустрија на покорност", да продолжи да владее или демократските земји да направат напори тој да биде сменет? Притоа не говорам за воена интервенција, затоа што никој во светот не е задолжен за менување на таквите диктатори, но обврска е на демократските земји да вршат притисок врз таквите држави за тие да ги почитуваат основните човекови граѓански права и да не претставуваат константна опасност за своите соседи и регионот. Сепак, постоењето на Обединетите нации треба да се искористи за давање легитимитет на таквиот притисок.

Со некои Ваши гледишта јас се согласувам, но има проблеми и во комуникацијата и соработката и на две демократски држави, зар не?



Секако дека има. Што значи тоа кога ќе речеме „соработка на две или повеќе држави“? Тоа, во суштина, е соработка на институциите на тие држави. Со самото проширување на демократијата во светот, во различни држави се појавуваат слични или исти институции и се развиваат заеднички стандарди за нивната работа. Со тоа соработката е можна и многу полесна. Корista за сите тие што соработуваат е огромна. Тоа е одамна увидено и затоа демократските држави се стремат да воспоставуваат глобални стандарди за работата на институциите.

Исто така, демократското уредување се зема за „златен стандард“ на политичките уредувања. Но, тоа значи многу нешта.

Јас од искуство знам дека кога се говори за „стандард“, тоа мора да биде докажана работа што сите ја прифаќаат. Не знам зошто демократското уредување би било „златен стандард“. На пример, зошто еден Арапин, Кубанец или Севернокореанец би ја прифатил демократијата како универзален поглед на светот? Зошто тие би сакале да имаат демократско уредување, кога мозоците им се испрани од пропаганда против демократските држави?

А кој ги прашува таму граѓаните што тие сакаат? Во тоа е и поентата. Таму се оди во затвор за изразување на сопствените мислења, дури и во најтесниот семеен круг. Како можат тие општества да бидат добри ако не е дозволена критика на системот? Како можат тие граѓани да знаат за подобро ако никогаш тоа не го виделе? За да одлучиш меѓу доброто и злото, мораш прво да ги запознаеш и двете.

Затоа велам дека демократските системи довеле до **промени во положбата на поединците**, кои стануваат фактор со својот индивидуализам и слободно изразување на мислењето. Тоа е нов квалитет, кој демократијата ја прави привлечна за сите. Тој квалитет го менува светот.

▸▸▸

Модерните демократски вредности бараат на секој поединец да се гледа како на посебна индивидуа со свои различности од другите. Притоа, мора да се почитува нејзиниот интегритет, а правата на граѓанинот можат да се ограничат само во согласност со законите.
Исто така, во демократијата положбата на поединецот треба да се вреднува според заслугата, а не според припаѓањето кон некоја социјална класа, политичка партија или по роднински врски. Тоа се нарекува позитивна селекција и придонесува институциите на демократскиот систем да имаат врвни кадри.



Мислам дека во врска со таквата нова улога на поединецот-граѓанин е и критичкото мислење. По мое, една демократска држава може да се развива само низ постојано преиспитување на власта и основите на демократијата. Јас лично не сум стручен да говорам за сѐ и сешто, но за уметноста и културата мислам дека сум стручен. Неколку пати на неколку јавни средби имаше претставник од Министерството за култура. Не им се допадна она што го говорев, но не можеа а да не признаат дека сум во право и дека моите предлози се добри.

Демократските уредувања поддржуваат **ИНДИВИДУАЛНОСТ И КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ**. Можеби светот во последните педесет години е најмногу променет поради тоа. Самото демократско начело на индивидуалност им дава поттик на поединците да се прашуваат дали постапките на власта се оправдани и дали таа може да се промени.
Како врв на критичкото размислување и грижа за сопствената земја е здружувањето на поединци што мислат слично. Тоа здружување се случува за полесно да се наметнат сопствените идеи. Тоа е **КОНКУРЕНЦИЈА НА ИДЕИ**. Веќе споменавме дека слободното здружување на граѓаните се нарекува граѓанско општество. Демократијата охрабрува здружување и општествени и културни активности во кои луѓето се организираат и работат заедно за да постигнат одредени цели. Доколку тие цели се во согласност со законите на државата и луѓето ги остваруваат по

легален пат, власта во државата нема право да се меша во нивната работа. Дури и нејзе ѝ е во интерес да има што подобри идеи. Граѓанското општество е расадник на идеи, кои државата може да ги искористи но исто така и да побара соработка и помош од нив. Некогаш целите и идеите на таквите здруженија на граѓани не се ограничуваат само на одредена државна територија, туку се поставени на глобално ниво. Такви примери имаме со заштитата на животната околина, или со почитувањето на човековите права. Со тоа што луѓето се организираат во меѓународни здруженија вршат значајни промени во функционирањето на меѓународните односи.

Сакам да Ве прашам господине Утопија: дали Вие сте учествувале во работата на некоја странска или меѓународна организација од областа на уметноста или културата?

Па, тоа и ме плаши. Имено, во последно време гледаме дека врз нашата држава големо влијание имаат меѓународни организации коишто вршат силен притисок врз нашите политичари. Не знам колку е тоа оправдано и колку претставува мешање во нашите внатрешни работи. Мислам дека нивните активности не се секогаш во согласност со нашите закони. Баш ме интересира дали го делите моето мислење и Вие?

Се разбира. Јас имам завршено неколку проекти финансирани од нив, дури сум бил и на меѓународни симпозиуми.

А како ги добивте тие проекти, како стигнавте на тие симпозиуми?

Просто - имаше објавено програми и јас конкурирав и моите проекти беа оценети во најдобрите. Но, јас не гледам врска со она што го кажав.



Не? Зар не мислите дека и тие меѓународни организации вршат влијание врз нашата држава? Рака на срце, тоа е во областа на културата, но сетете се дека и вршењето промени во културата е културна политика. Како сте сигурен дека сето тоа е законски издржано? Или, наместо да Ве прашувам, да Ви го кажам своето мислење. Овде засегаме во една нова тема, која можеме да ја наречеме:

## Меѓународните односи и демократијата

За нестручните граѓани е многу тешко да ја разберат меѓународната економија поради нејзината големина, ритам и технолошка природа. Истото важи и за културата, регионалната соработка....
Како што постои внатрешна критика на демократските системи, така постои и меѓународна. Таму се нудат нови модели на работа, организирање, се создаваат нови вредности и се нудат на тој „меѓународен пазар". Понекогаш се тоа идеи во областа на културата, понекогаш од економијата, можат да бидат и во областа на човековите права, здравството... Поради тоа Вие сте биле поканети на тие работилници, симпозиуми, семинари... Поради тоа Ви се финансирани проектите, затоа што во тие организации оцениле дека Вие можете да направите промени на поарно. Никој не Ве терал да ги прифатите нивните програми или да поднесете проекти. Вие сами сте одлучиле и некој Ве сметал за стручен - штом Ве поканил. Вие со тоа сте добиле шанса на меѓународно ниво да влијаете со своите размислувања. Значи, и Вие сте можеле да влијаете врз нив, како и тие врз Вас. Не гледате така на тоа?

?

Вистина е! Моите идеи беа прифатени со големо одушевување... Па, можам да речам дека половина од измените беа направени по моја интервенција. Но, мислите дека е така и во другите области?

Мислам дека е. Нормално, јас не сум најпаметен на светот и секој си има свое гледање, но би рекол дека едно **ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО** нема причина да се плаши од меѓународни влијанија и некои треба да се прифатат, а некои треба да се отфрлат како непродуктивни и неприменливи кај нас. Поентата е дека ние можеме да го прифатиме само она што ни одговара. Поради тоа треба да имаме силни институции и силни поединци, кои ќе бидат толку стручни да знаат што е за нас а што не е. Така, влијанието нема да биде насочено само кон нас, туку и нашите влијанија кон тие организации и институции. Тоа е обострано.

Значи, пак се враќаме на позитивната селекција и на тоа дека за државата грижа треба да водат најспособните, најподготвените, најработливите. Мислите дека сè можат да решат само поединци?



Не сè, но голем дел. Другата страна од приказната се институциите, кои можат да вработат такви поединци, кои ќе оформат силни тимови. Поради тоа говорам дека конкуренција од сите видови е суштина на демократијата. Има конкуренција на граѓани, конкуренција на здруженија, конкуренција на институции и конкуренција на меѓународни организации.

Мојот одговор е: ако некој врз влијае нас, а ние врз него не можеме, тогаш треба да се запрашаме што е со нас, а не што е со нив!

Тука има и други работи.

Работата на тие меѓународни организации е според одредени унифицирани **стандарди**, кои мора да бидат прифатени и од сите држави за да може да се оствари ефективна меѓународна соработка. Иако сите немаат иста добивка од таа сорабока, обично оние што вложиле повеќе добиваат повеќе.

И моќта со која пристапуваат организациите е различна. Некои меѓународни економски институции и компании имаат моќ да ја наметнат сопствената политика врз политиката на одредени држави. На пример, меѓународните финансиски институции можат да бараат од некои држави да спроведуваат одредена политика за да им дадат финансиска помош. Исто така, меѓународните корпорации можат да влијаат врз државите за да спроведат определена политика, за потоа тие да инвестираат средства во нив. Таков е примерот кога Владата на Република Македонија преговара со делегации на **ММФ** или Светска банка за домашната економска политика. Тие оцениле дека ние работиме слабо со парите и бараат начин да воспостават некои стандарди.

Јас би рекол дека парите се само „мамка", а дека во суштина тие сакаат да работиме поефикасно.



Точно! Не е некој проблем за ММФ, кој има многу пари, да им „подари“ на некои држави некои средства. Но, што постигнале со тоа? Тие пари можат да завршат во лошата администрација, кај корумпирани политичари, кај технократи... Значи, ММФ со своите пари би стимулирала криминал наместо вистински развој. Овде лежат некои од причините поради кои тие поставуваат услови под кои ќе ги добиеме парите.
Постојат и други цели на меѓународните организации, кои и нам ни одговараат. Таков е примерот со кредитите или инвестициите од странство, кои имаат за цел да придонесат за зацврстување на средната класа - која е носечки фактор во демократијата. Во сите западни земји, средната класа е совршен посредник меѓу богатите и сиромашните. Би било убаво ако на овој начин се зајакне средната класа, која кај нас е речиси уништена со социјалното раслојување.

?

Дај боже! И ние двајцата сме припадници на таа средна класа. А каква важна улога има таа средна класа во економијата, затоа што имам чуено дека доста странски инвеститори не сакаат да инвестираат во Македонија, затоа што нашето знаење не било во согласност со нивното. Така ли е тоа, или погрешно сум чул?



Па... и да, и не.
Тоа не е само наш проблем туку и на сите земји што имаат „пресна“ демократија. Западниот тип школство е практичен и школскиот систем зависи од потребите на пазарот. Кај нас и кај другите земји што го развивале социјалистичкиот школски систем имаме проблеми со тоа. Не се работи за тоа дека нашиот школски систем е погрешен, туку дека не одговара наполно на потребите на отворениот и конкурентен пазар. Можеби, во некои работи ние сме далеку пред тие западни школски системи, но пазарот е тој што одлучува. Економските инвестиции со себе носат и барање за знаење и нови идеи за тоа како да се зголемат ефикасноста, продуктивноста и потрошувачката. Овие промени можат да се префрлат и во општествената и во политичката сфера. Како резултат на меѓународната конкуренција, државите се мотивирани да го подобрат образовниот систем за да бидат попродуктивни и поконкурентни. Инаку, зошто еден германски бизнисмен не би инвестирал кај нас кога нашиот труд е пет до десет пати поевтин од оној во Германија?
Поради тоа, можеме да речеме дека „странските“ влијанија се многу пожелни и тоа ќе нè доведе до позиција странскиот капитал да „трча“ кај нас.

Јас би додал дека и дипломатијата му е подредена на тоа што го нарекувате „слободен пазар" и економија. Од друга страна, најдобар начин да се решат судирите е преку економската соработка.

Јас овде немам што да додадам - одлично речено. Демократијата низ своите принципи на слободна економска соработка многу потенцијални кризи ги претворила во соработка - вистински пример за тоа како демократијата го менува светот.

?

Голема штета е што демократијата во Македонија се одвиваше под постојани пресии од војни какви што се случија на територијата на поранешна Југославија. Знам и за други примери на земји, кои бавно ја развиваа демократијата поради тоа што постојано се плашеа од граѓанска војна, надворешни интервенции и слично. Мислам дека ние ќе бевме многу понапред во градењето на демократското општество да немаше такви закани за нас. За жал, ние дури имавме и воени дејствија.

Да, за голема жал. Ова прашање е многу посложено и не сме само ние таков пример.

**Состојбата на војна и состојбата на мир** имаат посебни влијанија врз демократијата. На пример, војната има штетни влијанија врз демократијата во една држава. Војната бара послушност на граѓаните и зајакнување на економската контрола. Со тоа се зголемува авторитетот на власта, а се случува и да се исклучат делови на слободното општество (на пример, слободата на информирање). За време на војна, дури и демократиите можат да користат авторитарни методи ако е неопходно, можна е појава на авторитарни лидери што ја придобиваат јавноста, која се чувствува несигурна и се плаши од тоа што може да се случи во иднина.

Мирот, пак, од друга страна, овозможува сите сили во државата да бидат насочени кон домашни работи и на тој начин да го подобрат животниот стандард и да ја



засилат домашната економија. Исто така, мирот одржува стабилни општествени услови, кои овозможуваат напредок на технологијата и развој на општеството. За странскиот капитал и да не говориме. Капиталот е „кукавица“ и бега од местата каде што има нестабилност и војни. Тоа е основната причина зошто кај нас немаше поголеми странски инвестиции.
Но, дури и без војна и кризи, може да се случи општествените проблеми да бидат превидени затоа што тие се длабоко врежани во општеството и се земаат здраво за готово. На пример, може да се превидат проблемите на традиционално маргинализираните групи. Пример во Македонија за тоа е состојбата на голем дел од ромската популација. „Превидите“ можат скапо да ги чинат граѓаните, затоа што правило е дека ако еден проблем не го решиме навреме, задоцнетите решенија многу повеќе чинат, а можно е да станат и нерешливи.

Важно е демократските држави навреме да ги откриваат можните причини за кризи и навреме да ги решаваат. Дури и странски фактори да сакаат да предизвикаат криза во друга земја, тоа може навремено да се спречи, ако се има будност, решеност и граѓански патриотизам.

Демократскиот концепт на „отворено општество“ навреме ги открива можните судири и ги решава пред тие да се претворат во причина за посегнување по оружје.



? Пред да продолжам со своите скулптури, сакам да Ве прашам нешто. Јас знам како еден уметнички правец се шири низ светот, како луѓето тоа го прифаќаат и сите други работи околу тоа. Но, би сакал да ми го кажете Вашето мислење за ширењето на демократијата. Дали е доволно да се оставаат самите држави да го достигнат тоа демократско уредување или е потребно државите што веќе имаат демократија, на некој начин, да издејствуваат таа да се шири насекаде во светот? Какво морално право имаат демократските држави да ја шират демократијата низ светот?

Тешко прашање што нема лесен одговор. Прашањето за **проширување на демократијата во светот** како пожелна насекаде наметнува прашања за оправданоста на ваквите постапки во самите демократски држави. Исто така, може да поттикне прашања во врска со правото на луѓето за политичко самоопределување. Има и едно крунско прашање: ***зошто граѓаните треба да се интересираат за политичката состојба во другите држави?***

Недемократските режими со своите постапки често имаат силно влијание врз други држави. Тоа што недемократските држави не ги почитуваат човековите права на своите граѓани и не им ги исполнуваат основните потреби може да води до проблеми, предизвикани од миграција на луѓе, бегалци, барања за помош, како и „извоз" на проблеми за животната средина и здравјето. Што значи ова практично, може да се види преку примерот од 1999 кога 300 000 бегалци од Косово дојдоа во Македонија. Во минатото во Германија имаше 5 000 000 странци, кои вршеа притисок врз домашната економија и предизвикуваа голем број други проблеми. Светот е полн со такви примери.

Ние можеме да го почитуваме правото на самоопределување на некои држави, но што се пак другите виновни, па да мора да ги решаваат проблемите на глупавата, насилничка и слепа политика на некои други држави? Што требаше да направи Македонија во 1999 година - да не ги прими тие бегалци? Ниту ние сме виновни што имаме заедничка граница, а ниту тие граѓани. Или, дали требаше Франција да не ги прими бегалците и азилантите од Алжир, кога тие сакаа да го сочуваат сопствениот гол живот?

Ајде да се запрашаме дали можеме да бидеме глуви и слепи, кога дознаваме дека во некоја земја жена се каменува до смрт, заедно со нејзиното штотуку родено дете, само затоа што родила, а не е мажена. Дали се чувствувате добро кога гледате слики од мртви деца, изгладнети и осакатени, а нивниот „хуман" владетел купува луксузни блиндирани автомобили и се вози во приватен млазен авион. Пред некои работи не може да се молчи. Тогаш нивните проблеми стануваат и наши проблеми.

Демократските држави можат да изразуваат чувство на гордост затоа што својот систем го гледаат како најдобар и како неизбежен производ на напредокот на прогресот и човештвото. Доволно е да се согледаат резултатите на демократското и недемократското владеење. Демократијата не мора самата да се велича. Нејзе ја величаат нејзините дела, заштитата на правата на човекот, економскиот просперитет, стабилност.

Не е прашање дали демократиите кај луѓето произведуваат свест за некаква морална супериорност, туку сосема друго: дали на тие општества им е доволно што живеат во изобилство, кога знаат дека десетици милиони деца умираат од глад, дека секоја година огромен број луѓе се осакатени во војни, дека стотици илјади луѓе скапуваат во затворите на диктаторите, без никаква шанса да се одбранат.

Оттука, можеби е и правилно спротивставувањето на недемократските режими. Сепак, секој треба да си донесе сопствен суд за тоа. Мојот суд го кажав.

Меѓутоа, треба да се биде доста скептичен во оружениот решавање на проблемите со диктаторите. Тие пред себе ќе го постават својот народ и тоа го прават редовно. Затоа треба добро да се размисли пред каква било употреба на сила. Затоа, улогата на „светски судија“ треба да ја имаат Обединетите нации а не секоја држава посебно. Светот има премногу искуства за воени интервенции што се направени под дејство на силна пропаганда. Тоа нè доведува до сознанијата дека медиумите можат да се злоупотребат за да се поттикнуваат војна и разорувања.

!

И една најголема причина за демократија: можеш барем да размислиш и да изградиш свој став. Во недемократските земји тоа е забрането. Една од основните разлики на демократскиот и недемократскиот свет е „вербалнот деликт“.





И тоа како „вербалниот деликт“ ги дели демократските земји од оние другите. Не може во затвор да се оди за мислење и за изразување на своите мислења, без ништо конкретно да направиш што се коси со законот. Порано реков дека демократските држави не се наивни. Затоа треба да се запрашаме какви стратегии се користат за да се прошири демократијата во светот, затоа што заклучивме дека задача на демократските држави е да се обидуваат да влијаат врз оние другите по мирен и цивилизиран пат.



Стратегиите што можат да се користат за проширување на демократијата во светот треба да бидат оценувани на два начини. Прво, тие треба да се во согласност со меѓународното право. Второ, стратегиите треба да се насочени кон промовирање на демократијата, а не кон остварување себични цели на влади, поединци и организации - затоа што и тоа го има.

Можеби треба да спомeнеме некои од тие стратегии на демократијата, но и да нагласиме дека секој тип државно уредување сака да се наметне како општоприфатлив. Дури и фашизмот, фундаментализмот, социјализмот сакале да се наметнат како најправилен начин на државно уредување.



Апсолутно, но мислам дека времето на такви трикови помина и дека граѓаните се доволно образовани и мудри за тоа да го видат. Па, и ова е дел од Европа.

Еден добар и хуман начин е преку **помош на политичката инфраструктура и развиток на граѓанското општество.** Националните држави или меѓународните организации можат да проектираат или да поддржуваат стратегии за кои мислат дека ќе создадат поволна клима за развој на демократски политички институции во други држави. Тие стратегии можат да бидат насочени кон економските, културните или образовните капацитети. Тука спаѓаат: нудењето стручна помош, технолошка помош, економски развој, развој на медиумите, образовни програми и размена на студенти и професионалци. Директната помош на невладините организации од други земји е во насока на развивање на центри на влијание како противтежа на власта. Пример за ова е и Македонија.

▸▸▸

Со прифаќањето на демократското уредување таа континуирано добива странска помош.

Вториот начин се случува само по војна. Тоа е **директното наметнување на демократијата** како политички систем. Демократијата може директно да биде наметната врз една држава по нејзиниот воен пораз затоа што таа држава ги прекршила меѓународните норми во толкав степен што со своето поведение се исклучила од меѓународната заедница. Оваа стратегија може да значи враќање на претходниот демократски устав (ако таков постоел), или наметнување на сосема ново политичко уредување контролирано однадвор. Пример за ова е Германија по Втората светска војна.

Третиот начин се состои во давање **економска помош, но со инсистирање таа да задоволи некои услови.** Некои држави или меѓународни организации можат да го условуваат давањето економска помош и инвестиции со демократски реформи, како што е на пример, заштитата на човековите права.

!

Да. Ова често го користат моќните западни земји кога ги условуваат азиските или африканските земји на кои им помагаат. Давајќи им пари, им обрнуваат и посебно внимание за состојбата со човековите права во нивните земји. Па, и со нас правеа така, за да нè „забрзаат" за некои работи...

Токму за тоа и говорам дека, сепак, мора да се внимава кога се даваат судови за сите овие видови влијанија врз други земји, затоа што може да се случи една моќна земја финансиски и економски да уништи друга земја и затоа да оствари влијание врз неа.

Вината за тоа никогаш не е само на едната страна, туку секогаш е заедничка. Ако една земја пропаѓа поради преголемата корупција и криминал, не може за тоа да се обвинуваат „странците" туку тие што крадат и подмитуваат.



Еден од начините за ширење на демократијата како планетарен процес е **глобализацијата.** Основните причини за тоа се секако економски, но не се случило некои земји економски да се прошират без тоа да има влијание и во другите сектори. Земете го за пример англискиот јазик. Порано во меѓународната комуникација се користеше францускиот. Но, досега не е постигнат таков степен на експанзија на глобално влијание како денес.

Глобализацијата е една од најконтроверзните теми денес во светот. Голем број луѓе не ја разбираат, а оние што ја разбираат се поделени по тоа прашање.

Глобализацијата во економијата и слободниот пазар е одамна отпочната поради берзите, светските слободни пазари, информатичкиот систем, центрите на производство на одредени видови производи (компјутери, оружје, кафе, жито...).

Се мисли дека и масовната култура е вид глобализација, но и тоа е завршена работа. На пример, џинсот е најзастапен вид облека во светот и тоа веќе не е облека туку идеологија на младоста.

Што да се рече за музиката, филмовите, автомобилите... Светот е едно „глобално село”.

Можеби е попаметно прашањето - кои држави и зошто се исклучени од тој глобален свет?

Како и со сè друго, не треба неаргументирано да ја отфрламе глобализацијата, која носи слични светски стандарди, отворена трговија, притисок врз малите земји да се специјализираат и да ја подигнат технологијата, да се компјутеризираат, да ја подобрат комуналната опрема, да ги стандардизираат политичките системи, да ги отворат границите едни кон други, да ги решат внатрешните проблеми и да се подготват за влез на капитал...



Но, ако глобализацијата се претвори во нов вид доминација и најнов вид неоколонијализам, тогаш не, благодарам. Мене ме теши само едно: економистите знаат дека е подобро да тргуваш отколку да војуваш.

Сепак, глобализацијата не ги исклучува локалните обележја и локалните култури. Понекогаш е тоа шанса едно локално обележје да го види целиот свет. Зар не?

Значи, пак со позитивната селекција и способните поединци? Мислите дека глобалните сили ќе дозволат во светот да се рекламира ракија наместо виски, или ајвар наместо фабрички сосови, или блузите на „Тетекс”, па колку добри реклами и да направиме...?

А Вашите дела? Дали Ви дозволија да ги види светот?

Но, за тоа јас сам се изборив!

Гледате?



